**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**С О Б Р А Н И Е**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците**
Број 12-4890/3
18 декември 2013 година
**С к о п ј е**

Врз основа на член 146 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Заклучокот на Собранието на Република Македонија бр. 07-4310/47 усвоен на седницата одржана на 5 декември 2013 година, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на седницата оддржана на 18 декември 2013 година го донесе следниов

**ЗАКЛУЧОК:**

1. **Предлогот на законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик се става на јавна дискусија;**
2. **Предлогот на законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик ќе се објави на веб страницата на Собранието на Република Македонија www.sobranie.mk во делот Јавни дискусии;**
3. **Се повикуваат граѓаните, јавните установи, институциите, здруженијата на граѓани, политичките партии, синдикатите и другите заинтересирани субјекти, своите мислења и предлози по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик непосредно да ги упатуваат до Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија или на e-mail к-polsis@sobranie.mk, најдоцна до 13 јануари 2014;**
4. **Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија ја следи јавната дискусија, ги собира и средува изнесените мислења и предлози и подготвува извештај за резултатите од јавната дискусија, заедно со Предлогот на законот за второто читање.**
5. **Овој заклучок ќе се објави во весниците: ,,Дневник", ,,Вечер " и ,,Лајм".**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ**
**Илија Китаноски**